| 423 | Materijali i siten inventar | 2.982.000 | 735.000 | 414.750 | 109.620 | 0 | 4.241.370 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 2.278.500 | 21.000 | 92.400 | 0 | 0 | 2.391.900 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 5.861.155 | 184.103 | 1.467.802 | 2.151.177 | 0 | 9.664.237 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 1.123.500 | 52.500 | 362.250 | 78.435 | 0 | 1.616.685 |
| 427 | Privremeni vrabotuvawa | 1.050.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.050.000 |
| **45** | **KAMATNI PLA]AWA** | **420.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **420.000** |
| 451 | Kamatni pla}awa kon nerezidenti kreditori | 420.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 420.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **8.244.600** | **10.500** | **21.000** | **309.435** | **0** | **8.585.535** |
| 463 | Transferi do nevladini organizacii | 504.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 504.000 |
| 464 | Razni transferi | 7.740.600 | 10.500 | 21.000 | 309.435 | 0 | 8.081.535 |
| **47** | **SOCIJALNI BENEFICII** | **661.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **661.500** |
| 471 | Socijalni nadomestoci | 661.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 661.500 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **22.722.927** | **766.500** | **29.757** | **2.850.683** | **9.210.329** | **35.580.196** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 598.500 | 42.000 | 29.757 | 110.775 | 0 | 781.032 |
| 481 | Grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 20.790.927 | 724.500 | 0 | 2.739.908 | 9.210.329 | 33.465.664 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 105.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 105.000 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 73.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 73.500 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 1.155.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.155.000 |

# BILANS NA PRIHODI - 2026

## Nivo na: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | Buxet | Prihodi od samofinan. aktivnosti | Prihodi od dotacii | Prihodi od donacii | Prihodi od krediti | VKUPNI PRIHODI |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **69.032.630** | **1.897.870** | **40.410.700** | **6.851.214** | **9.648.916** | **127.841.330** |
| **71** | **DANO^NI PRIHODI** | **6.600.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.600.000** |
| 711 | Danok od dohod, od dobivka i od kapitalni dobivki | 770.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 770.000 |
| 713 | Danoci na imot | 1.980.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.980.000 |
| 717 | Danoci na specifi~ni uslugi | 3.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.850.000 |
| **72** | **NEDANO^NI PRIHODI** | **220.000** | **1.354.470** | **0** | **0** | **0** | **1.574.470** |
| 722 | Globi, sudski i administrativni taksi | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 |
| 723 | Taksi i nadomestoci | 0 | 1.354.470 | 0 | 0 | 0 | 1.354.470 |
| 725 | Drugi nedano~ni prihodi | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 |
| **73** | **KAPITALNI PRIHODI** | **17.325.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.325.000** |
| 733 | Proda`ba na zemji[te i nematerijalni vlo`uvawa | 17.325.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.325.000 |
| **74** | **TRANSFERI I DONACII** | **44.887.630** | **543.400** | **40.410.700** | **6.851.214** | **0** | **92.692.944** |
| 741 | Transferi od drugi nivoa na vlast | 44.887.630 | 543.400 | 40.410.700 | 0 | 0 | 85.841.730 |
| 742 | Donacii od stranstvo | 0 | 0 | 0 | 6.851.214 | 0 | 6.851.214 |
| **75** | **DOMA{NO ZADOL@UVAWE** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.648.916** | **9.648.916** |
| 754 | Drugo doma{no zadol`uvawe | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.648.916 | 9.648.916 |

# BILANS NA RASHODI -

## Nivo na: Stavka

| Kategorija Stavka | O P I S | B U X E T | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Buxet | Rashodi od samofinan. aktivnosti | Rashodi od dotacii | Rashodi od donacii | Rashodi od krediti | VKUPNI RASHODI |
| | | **62.786.686** | **1.725.336** | **36.737.000** | **6.338.023** | **9.210.329** | **116.797.374** |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **15.851.750** | **0** | **33.304.753** | **0** | **0** | **49.156.503** |
| 401 | Osnovni plati | 9.939.750 | 0 | 23.024.009 | 0 | 0 | 32.963.759 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 3.837.000 | 0 | 9.584.744 | 0 | 0 | 13.421.744 |
| 404 | Nadomestoci | 2.075.000 | 0 | 696.000 | 0 | 0 | 2.771.000 |
| **41** | **REZERVI I NEDEFINIRANI RASHODI** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** |
| 413 | Tekovni rezervi (raznovidni rashodi) | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **16.192.053** | **985.336** | **3.383.907** | **3.218.740** | **0** | **23.780.036** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 710.000 | 0 | 5.000 | 879.900 | 0 | 1.594.900 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 2.820.000 | 40.000 | 1.153.000 | 111.000 | 0 | 4.124.000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 2.840.000 | 700.000 | 395.000 | 104.400 | 0 | 4.039.400 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 2.170.000 | 20.000 | 88.000 | 0 | 0 | 2.278.000 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 5.582.053 | 175.336 | 1.397.907 | 2.048.740 | 0 | 9.204.036 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 1.070.000 | 50.000 | 345.000 | 74.700 | 0 | 1.539.700 |
| 427 | Privremeni vrabotuvawa | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **45** | **KAMATNI PLA]AWA** | **420.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **420.000** |
| 451 | Kamatni pla}awa kon nerezidenti kreditori | 420.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 420.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **7.852.000** | **10.000** | **20.000** | **294.700** | **0** | **8.176.700** |
| 463 | Transferi do nevladini organizacii | 480.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 480.000 |
| 464 | Razni transferi | 7.372.000 | 10.000 | 20.000 | 294.700 | 0 | 7.696.700 |
| **47** | **SOCIJALNI BENEFICII** | **630.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **630.000** |
| 471 | Socijalni nadomestoci | 630.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 630.000 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **21.640.883** | **730.000** | **28.340** | **2.824.583** | **9.210.329** | **34.434.135** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 570.000 | 40.000 | 28.340 | 105.500 | 0 | 743.840 |
| 481 | Grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 19.800.883 | 690.000 | 0 | 2.719.083 | 9.210.329 | 32.420.295 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 1.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 |

# BILANS NA RASHODI - 2026

## Nivo na: Stavka

| Kategorija / Stavka | O P I S | B U X E T | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Buxet | Rashodi od samofinan. aktivnosti | Rashodi od dotacii | Rashodi od donacii | Rashodi od krediti | VKUPNI RASHODI |
| | | **69.032.630** | **1.897.870** | **40.410.700** | **6.851.214** | **9.648.916** | **127.841.330** |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **17.426.200** | **0** | **36.635.228** | **0** | **0** | **54.061.428** |
| 401 | Osnovni plati | 10.923.000 | 0 | 25.326.410 | 0 | 0 | 36.249.410 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 4.220.700 | 0 | 10.543.218 | 0 | 0 | 14.763.918 |
| 404 | Nadomestoci | 2.282.500 | 0 | 765.600 | 0 | 0 | 3.048.100 |
| **41** | **REZERVI I NEDEFINIRANI RASHODI** | **220.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **220.000** |
| 413 | Tekovni rezervi (raznovidni rashodi) | 220.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 220.000 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **17.811.259** | **1.083.870** | **3.722.298** | **3.540.614** | **0** | **26.158.041** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 781.000 | 0 | 5.500 | 967.890 | 0 | 1.754.390 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 3.102.000 | 44.000 | 1.268.300 | 122.100 | 0 | 4.536.400 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 3.124.000 | 770.000 | 434.500 | 114.840 | 0 | 4.443.340 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 2.387.000 | 22.000 | 96.800 | 0 | 0 | 2.505.800 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 6.140.259 | 192.870 | 1.537.698 | 2.253.614 | 0 | 10.124.441 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 1.177.000 | 55.000 | 379.500 | 82.170 | 0 | 1.693.670 |
| 427 | Privremeni vrabotuvawa | 1.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 |
| **45** | **KAMATNI PLA]AWA** | **440.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **440.000** |
| 451 | Kamatni pla}awa kon nerezidenti kreditori | 440.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 440.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **8.637.200** | **11.000** | **22.000** | **324.170** | **0** | **8.994.370** |
| 463 | Transferi do nevladini organizacii | 528.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 528.000 |
| 464 | Razni transferi | 8.109.200 | 11.000 | 22.000 | 324.170 | 0 | 8.466.370 |
| **47** | **SOCIJALNI BENEFICII** | **693.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **693.000** |
| 471 | Socijalni nadomestoci | 693.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 693.000 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **23.804.971** | **803.000** | **31.174** | **2.986.430** | **9.648.916** | **37.274.491** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 627.000 | 44.000 | 31.174 | 116.050 | 0 | 818.224 |
| 481 | Grade`ni objekti | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 21.780.971 | 759.000 | 0 | 2.870.380 | 9.648.916 | 35.059.267 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 77.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 77.000 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 1.210.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.210.000 |

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Буџетот на општина Лозово за 2024 година**

**Основни претпоставки за изготвување на буџетот**

Основните претпоставки за изготвувањето на буџетот на општината Лозово претставуваат законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на општината Лозово (Законот за локална самоуправа, Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за буџетите), макроекономските индикатори за наредниот среднорочен периодот, фискалните проекции за наредниот среднорочен период на Република Северна Македонија вклучувајќи ги и основните насоки за подготовка на буџетот за 2024 година добиени од Министерството за финансии.

Фискалните проекции за наредниот среднорочен период вклучително 2024 година се базираат на :

- проектирање на оптимално ниво на приходи, кое ќе се обезбеди преку модернизација и јакнење на процесот на прибирање на даноците и зајакнување на институционалниот капацитет на даночната администрација,
- проектирање на расходи кои ќе обезбедат рационално и наменско користење на средствата и натамошно зајакнување на контролата на потрошувачката на буџетските средства,
- начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства, фискалната одговорност, отчетност и транспарентност;
- по транспарентно планирање и искористување на капиталните расходи како и дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестритивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци без нарушување а нормалното функционирање на буџетските институции

Во оваа насока Општина Лозово во рамките на своите можности ги презема неопходните активности за подобрување на условите за живеење и подобрување на инфраструктурата на Општина Лозово кое ќе овозможи индиректно влијание во создавањето на подобро опкружување и подобри услови за стопанисување.

**Правна рамка**

Согласно член 2, точка 8 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Во 2024 година и во наредниот период ќе се почитуваат начелата на:

- зголемување на фискалната одговорност, отчетност и транспарентност,
- подобрување на буџетското планирање и извршување преку дефинирани програми и
- потранспарентно планирање и искористување на капитални расходи.

Согласно Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15,167/16 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр 151/21) и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Буџетот на Општина Лозово содржи: општ, посебен и развоен дел.

- *Општиот дел* ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години, (вклучувајќи го и планираниот дефицит). Општиот дел содржи:
  - консолидиран биланс на приходи и расходи;
  - функционална класификација на расходите;
  - биланс на тековно - оперативни приходи и расходи;
  - биланс на капитални приходи и расходи
- *Посебниот дел* содржи план на одобрените средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година. Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми. Во посебниот дел потребно е да се даде и текстуално образложение.
- *Развојниот дел* ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината. Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по:

  - одделни буџетски програми и потпрограми,
  - години во кои истите ќе се реализираат и
  - извори на финансирање, односно буџети.

Планот на програмите за развој се ревидира секоја година.

**Содржина на буџетот**

Приходите на Буџетот на општината за 2024 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на реализација од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно циркуларното писмо максимален износ на сопствени приходи на основен буџет изнесува 33.554.528 денар и Дотација од ДДВ во износ од 12.202.408 денари. На овој износ е додаден износот од 17.000.000 денари како пренесен вишок на приходи од претходна година. Согласно законските рамки Основен Буџет на општината Лозово за 2024 година е планиран на износ од 62.756.936 денари. буџет на самофинансирачки активности во износ од 1.725.336 денари и буџет на дотации во износ од 36.737.000 денари буџет на донации во износ од 6.228.376 денари и Приходи од заем од Светска Банка во износ од 8.771.742 денари (Прилог бр.1).

**ПРИХОДИ ПО КАТЕГОРИИ ЗА 2024 год. ОПШТИНА ЛОЗОВО**

| **Кат** | **ОПИС** | Основен Буџет | Самофинансирачки активности | Донации | Блок дотации | Приходи од кредити | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | Даночни приходи | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | **6.000.000** |
| 72 | Неданочни приходи | 200.000 | 1.231.336 | 0 | 0 | 0 | **1.431.336** |
| 73 | Капитални приходи | 15.750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | **15.750.000** |
| 74 | Трансфери и донации | 40.806.936 | 494.000 | 6.228.376 | 36.737.000 | 0 | **84.266.312** |
| 76 | Задолжување во странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.771.742 | **8.771.742** |
| | **Вкупно** | **62.756.936** | **1.725.336** | **6.228.376** | **36.737.000** | **8.771.742** | **116.219.390** |

Основниот буџет на општината Лозово изнесува 62.756.936 денари, при што потребно е да се напомене дека структурата на приходите по категории изнесува како што следува, односно даночните приходи учествуваат со 9.56% од основниот буџет, односно со 5,16% од вкупниот буџет, неданочните приходи

учествуваат со 0,32% во основниот буџет, 1,23% од вкупниот буџет, капиталните приходи учествуваат со 25,10% од основниот буџет, односно со 13,55% во вкупниот буџет, трансферите и донациите учествуваат со 65,02% во основниот буџет односно со 77,51% во вкупниот буџет и заемот од Светска Банка 7,55 од Вкупниот буџет.

Трансферите и донациите во вкупниот буџет за 2024 година изнесуваат 84.266.312 денари.
Основниот Буџет е во вкупен износ од 62.756.936 денари и ги содржи средствата од дотацијата од ДДВ која изнесува 12.202.408 денари, трансфери од буџет на фондови во износ од 1.653.340 денари, Капитални трансфери од други нивоа на власт во износ од 9.951.188 денари за реализација на проекти, Пренесен вишок на приходи од претходна година во износ од 17.000.000 денари.

Буџетот на самофинасирачките активности ги содржи приходите и расходите на буџетските корисници на општината Лозово и истите се планирани според податоците кои се содржани во финасиките планови во делот за самофинансирачки активности. Пред се се работи за буџетски корисници/основно училиште и детска градинка кои од разни одредени активности прибираат средства за покривање на самофинансирачките активности како на пример екскурзии, списанија, надоместок за оброци во детски градинки. Планирани се средства во износ од 1.725.336 денари.

Буџетот за дотации ги содржи приходите кои што се опфатени со дотацијата за основното образование во износ од 31.182.000 денари и дотацијата за детски градинки во износ од 5.555.000 денари, истите ќе се трансферираат од централниот буџет на сметката за дотации на општина Лозово. Надлежноста во делот на образование и детска градинка ќе се врши со блок дотација која покрај тековно-оперативните расходи ги вкучува и трошоците за плати на вработените.

Буџетот за донации ги содржи приходите за кои се склучени договори со донатори и кои се започнати со реализација износ од 6.228.376 денари. Во планираните средства е вклучен износ од 2.441.100 денари за реализација на проекти во ООУ Методи Митевски Брицо, износ од 294.340 денари за реализација на 1 (еден) проект во ЈОУДГ Срцко од Еразмус+ програмата и Проект за општокорисна работа финансиран од УНДП во износ од 1.300.000 денари.

Расходите на буџетот на општината Лозово се изготвени согласно општо прифатените класификации, односно економската класификација, програмската класификација и функционалната класификација. Во Буџетот на општината Лозово се опфатени 14 надлежности и тоа: Совет на општина, Градоначалник, Општинска администрација, Урбано планирање, Комунални дејности, Култура, Спорт и рекреација, Образование, Заштита и спасување, Заштита на животна средина и природа, Унапредување на здравствена заштита, Социјална заштита и заштита на деца, Противпожарна заштита и Родова еднаквост. Најголемо учество завземаат надлежноста за Образование, Општинска администрација, Комунални дејности, Урбано планирање, Социјална зашита и заштита на деца, Советот на општината, Градоначалник, Спорт и рекреација

Планираните средства во програми се превземени од донесените годишни програми за 2024 од Советот на Општина Лозово




Слика број 1

Според функционалната класификација застапени се расходите за извршни и законодавни органи, финансиски и фискални работи, други општи услуги, противпожарни услуги, градежништво, копнен транспорт, заштита на животна средина, развој на заедницата, водостопанство, улично осветлување, спортски и рекреативни услуги, услуги за култура и основно образование каде најголемо учество имаат образованието, финансиски и фискални работи и извршни и законодавни органи.

Погоренаведените податоци како за приходите така и за расходите на Општина Лозово ќе претставуваат критериум за раководење на Општина Лозово при донесувањето на буџетот на општината.

Во Буџетот на Општина Лозово во 2024 година се планирани средства за исплата на доспеани обврски и тоа: износ од 2.700.000 денари за изградба на улици и патишта, за исплата на рати за набавка на багер на лизинг и ќе продолжи во финансирање на инфраструктурните објекти во општината како основена цел за подобрување на условите за живеење и подобрување на условите за развивање и подршка на бизниси.

**Прилог:** Табеларни прегледи и графички прикази

**Градоначалник на општина Лозово**
**Бошко Цветковски**

*Изготвил:*
*Дипломиран Економист Виолета Спасова Колева*

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18), и (“Службен весник на РСМ број 244/2019, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите (“Службен весник на Република Македонија” број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010,180/2011,171/2012, 192/2015 и 167/2016) и (“Службен Весник на РСМ број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Македонија” број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/16 и 11/18) и (“Службен весник на РСМ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите од Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година и Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година и член 21 од Статутот на Општина Лозово, Советот на Општина Лозово на седницата одржана на 25.12.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Лозово за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Лозово за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- на градоначалникот бруто платата ќе му се исплатува согласно утврдениот коефициент и основица во одредбите на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија.

- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Колективен договор на Општина Лозово, Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Лозово и измените од истиот.

- Вработените на Општина Лозово имаат право на плата согласно закон и Колективен договор на Општина Лозово (согласно Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година).

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2023 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

-средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

-локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

-во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџет на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџет на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

(1) На вработениот за време на службено патување во земјата надоместокот за дневница на Градоначалникот и општинската администрација без трошоците за ноќевање изнесува 8% од просечно исплатената плата по работник во предходни три месеци.

(2) Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

(3)За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

(4)Износот на дневница за службено патување во странство се исплатува:

-50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во слачаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;

-20% од утврдената дневница, ако издатоци за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управа;

-5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товат на органот на државната управа, а претстојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и биталатерална основа.

(5) Пресметка на издатоци за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

-една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа;

-половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(6) Средства за службено патување во земјата и во странство треба да се предвидат во буџетот на Општина Лозово." (согласно член 35 од Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 14**

(1) Вработениот во сите случаи кога врши работа која не е предвидена со договорот за вработување, или решението, има право на додаток на плата врз основа на донесено решение од страна на Секретар/Градоначалник, во висина од 5% за 1 (едно) овластување до 10% за 2(две) или повеќе овластувања од износот на основната плата заради дополнителен придонес во извршувањето на зголемен обем на работа.

(2) Зголемен обем на работа опфаќа:

а) значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица;

б) извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време и

в) извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица, ако не се покриени со проектот.

(3) Додатокот се исплаќа ако вработениот во тековниот месец има извршено работи опфатени во став 2 од овој член, врз основа на обемот и сложеноста на работите и еден вработен неможе да има повеќе од 2(две) овластувања.

(4) Додатокот не се исплаќа на вработените во општината на кои им е утврдено право на додаток на плата со посебен закон.

(5) Овој додаток се однесува само на членовите на синдикалната организација на Општина Лозово при Синдикатот на Независен синдикат на државна администрација.“ (согласно член 29 од Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 15**

(1) На административниот службеник кој е оценет со годишна оценка “А”, му се доделува надоместок за успешност во работењето во висина на плата примена во последниот месец од годината за која се вршело оценувањето.

(2) За надоместокот од ставот (1) од овој член одлучува Секретарот/Градоначалникот“ (согласно член 30 од Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 16**

„(1) Вработениот има право на регрес на годишен одмор во висина од најмалку 30% од просечната плата во Република Северна Македонија, а највеќе 60% од просечната плата во Република Северна Македонија, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година во Општина Лозово.

(2) Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на календарската година а најдоцна до крајот на тековната година.

(3) Средства за оваа намена треба да се предвидат во буџетот на Општина Лозово“(согласно член 36 Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 17**

Во случај на непрекинато боледување, подолго од 6 месеци на вработниот му се исплаќа еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во Република Северна Македонија од Програма Д0-Градоначалник, расходно конто 464990 –Други трансфери.

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку на една основица од неговата плата.“ (согласно член 38 од Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 18**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 19**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 20**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Д0 Градоначалник, Н1 Образование, В1 Социјална заштита и заштита на деца односно од програмата во која се планирани средствата за исплата за оваа намена во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и деца земени на издржување) на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари. Исплатата ќе се врши од Основен Буџет, Програма Д0-Градоначалник, расходно конто 464990-Други трансфери, Буџет на дотации, Програма Н1-Основно образование, расходно конто 464990-Други трансфери и Буџет на дотации, Програма В1-Детски градинки, расходно конто 464990-Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение

**Член 21**

(1) Вработените во Општина Лозово имаат право на јубилејни награди во износ од:

- За 10 години стаж 100% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;
- За 15 години стаж 125% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;
- За 20 години стаж 150% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;
- За 25 години стаж 175% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;
- За 30 години стаж 200% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;
- За 40 години стаж 100% од основицата од една просечна месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните дванаесет месеци сметано од моментот на стекнување на правото;

(2) Стажот од став 1 од овој член се однесува само на стажот поминат во Општина Лозово.

(3) Правото на јубилејната награда се однесува само на членови на синдикалната организација на Општина Лозово при Синдикатот на Независен синдикат на државна администрација.

(4) За вработениот да го оствари правото на јубилејна награда потребно е да биде член на синдикалната организација на општина Лозово при Синдикатот на Независен синдикат на државна администрација пред стекнување на поминатиот стаж.

(5) Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма Е0 Општинска администрација расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот согласно склучениот Колективниот договор на ниво на работодавач.“ (согласно член 37 од Колективен договор на

Општина Лозово Бр.0402-2727/2 од 26.12.2022 година, Анекс на Колективен договор на Општина Лозово Бр.0402-590/1 од 29.03.2023 година)

**Член 22**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на образованитето и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 5 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерствотот за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежносто министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот Буџет на општианта за тековната фискалан година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено изестување ќе даде градоначалнкиот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се должни да достават писмено известување до Министерството за финансии и да приложат М-1.

**Член 24**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 26**

Буџетот на Општина Лозово се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово", а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

Број _____________
Дата 25.12.2023 год

**Совет на Општина Лозово**
**Претседател**

_____________________
**Владе Миланов**

*Изготвил:*
*Дипл.Економист Виолета Спасова Колева*

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за извршување на**
**Буџетот на Општина Лозово за 2024 година**

Со  Одлуката за извршување на Буџетот на општина Лозово а 2024 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот  на општина Лозово, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината Лозово со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така, со наведената одлука е  регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Лозово се извршува од 01.01.2024  до 31.12.2024 година.

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/2 и и 99/22), Советот на Општина Лозово, на седницата одржана на 25.12.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите**
**на државните службеници за 2024 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Лозово“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

**Бр. ____________**
**од 25.12.2023 година**

**Совет на Општина Лозово**
**Претседател,**
**Владе Миланов**

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општината се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.

Изготвил:
Дипл.Економист Виолета Спасова Колева

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/2018, и “Службен весник на РСМ број 244/2019,53/21,77/2021,150/21 и 173/22) и член 37 од Статутот на Општина Лозово (Службен гласник бр.02/05, 29/14 и 73/14), Советот на Општина Лозово на 15-та седница одржана на 25.12.2023 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2024 година**

**на ОПШТИНА ЛОЗОВО**

**Член 1**

Буџетски календар за 2024 година на Општина Лозово

| Период | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНСТ |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите (Сл.весник бр. 64/2004) чл. 21 Закон за финансирање на ЕЛС (“Сл.весник на Р.Македонија” 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и (“Сл.весник на Р.Северна Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), согласно чл. 27 став 1 и 2. |
| 1-5 октомври | Градоначалникот и одделение за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. Се прави анализа на финасискиот капацитет на општината –проценка на сопствените приходи и капацитети. Се прави комуникација со клучните сектори во општината ( даноци, урбанизам, ЛЕР, финансии, комунални работи се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења) и со тоа да се определат целите /приоритетите /активностите на секој од општинските сектори. | Градоначалник<br>Одделение за финансиски прашања<br>Сектор за урбанизам<br>Сектор за општи и правни работи |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| 10-25 октомври | Се организираат буџетски форуми со граѓаните и со засегнати страни.Бројот на форумските сесии обично ќе биде (2-3) во согласност со специфичноста и приоритетите на општината . | Градоначалник<br>Раководители на сектори |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Одделение за финансиски прашања од останатите Сектори и буџетски корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д.Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Одделение за финансиски прашања |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Одделение за финансиски прашања | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20-25 декември | 1.Се води јавна расправа со НВО секторот , граѓаните и сите заинтересирани странки со сугестии, предлози кои ги доставуваат по електронски или по пат на амадмани<br>2. Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет и градоначалник |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2. | Совет на Општината |

| | | |
|---|---|---|
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

**Член 2**

Буџетскиот календар на Општина Лозово за 2024 година влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Лозово а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Бр.__________**

**25.12.2023**

**Лозово**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО**

**Претседател,**

_________________________

**Владе Миланов**

*Изготвил:*
*Дипл.Економист Виолета Спасова Колева*